# А Л М А Н А Х

ПОЕТСКО – ПРОЗНИ ТВОРБИ ОД
РОДНОКРАЈНИ АВТОРИ

ОХРИД, 2024

***Издавач***
НУ Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид

***За издавачот***
м-р Милчо Јованоски

***Уредник и лектор***
м-р Милчо Јованоски

***Тираж***
100 примероци

***Печати***
„Ирис Принт“ – Струга

**Проект**

**„Втора годишна средба на роднокрајни автори“**
**финансиран од**
**Министерството за култура**

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

# ВОВЕД

Охрид, почнувајќи од Св. Климент, преку Прличев, па сè до денес е плодна почва и расадник, но и вечна инспирација за роднокрајните автори.

Во трезорот на литературата и во нашата Библиотека постојат стотици песни, раскази, новели, романи, поеми и есеи кои поети и писатели од ова парче македонска земја ама и од белиот свет ги создале инспирирани од убавината на градот и Охридското Езеро.

Минатата, 2023 година, во јуни како Проект од Годишната програма за работа на нашата установа финансирана од Министерството за култура официјално ја одржавме Првата годишна роднокрајна средба на автори. Триесетината присутни дадоа многу конструктивни предлози од кои еден по еден нашата Библиотека ги реализира.

Во Месецот на книгата во октомври одржавме литературна средба а заеднички и успешно ги спроведовме настаните сврзани со нашиот патрон, во рамките на манифестацијата „Прличеви беседи“ 2024 година.

По втор пат Библиотеката го распиша конкурсот за најдобра беседа напишана од млад автор. Промовиравме неколку книги од наши автори, одбележавме бројни годишнини а бевме и логистика за сите оние на кои им требаше помош за полесно да се снајдат во светот на издаваштвото.

Конечно, деновиве пред да ја одржиме Втората роднокрајна средба на автори (писатели и поети), пак во јуни (заради континуитет) реализираме уште еден од предлозите.

Отпечативме книга - алманах со творби, како огледало за едногодишното нивно творештво.

Средствата го ограничија печатењето, тиражот, бројот на страници а со тоа и просторот за да бидат застапени поголем број роднокрајни автори. Во овој прв Алманах се опфатени четириесет и еден автор. Најголемиот дел творат во Охрид, а застапени се и тројца роднокрајни автори кои живеат и пишуваат на македонски во Австралија.

Жалиме и се извинуваме што не можевме да вклучиме уште многу автори, но ветуваме дека при следно вакво издание тие ќе бидат застапени и ќе имаат предност.

Идеи има уште многу. Тука сме сите заедно ние од Библиотеката и авторите да ги оствариме...

м-р Милчо Јованоски

НУ Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид

# ЗАБОРАВ ИЛИ СПОМЕН

Не помнам кое годишно време беше
Зошто имаше и снег и сонце
И виулица и благ ветер
Сѐ во еден ден преживеавме
И радост и тага
И страст и болка
Можеби местото беше такво.
Не помнам дали имаше река
А знам дека буицата нѐ зеде
Вртлози и немирни води
Нѐ носеа како чамец без прамец.
Баравме брег за почин
Ил само дрво ил камен
Да запреме негде
Во времето одбројано
Што стариот часовник
Не можеше да го мери.
Измерил одамна тој сѐ.
Останавме без минути и часови
Сами да го крпиме векот.

*Автор:*
*Виолета Ачкоска*

# ЧАРДАК

Крцкаше чардакот
под одот тежок
на стопанот изморен
што поднаведнат веќе беше
од носење бреме на невреме
разулавено со ветришта студени
што мразови на опашот влечат!

Гредите стари стрчат истрошени
од лоши кијамети изгризани
прекршени како животот
без младост поминат!

Лејките обесени, суви
со лица тажни гледаат,
празни како душата,
згасната нељубена!

Спомените запретани
во бунарот на болката,
со оловен чекор го газат
чардакот разнишан стар!

*Автор:*
*Виолета Ачкоска*

# МЕСЕЧИНА

***по Видое Видически***
***Од мемоарите на месечевата внука.***

Ноќеска
се обесив на облаците,
си поигрував со небесата.

Ноќеска
видов затреперени сведоци – никој од нив не прозборе.
Ноќеска
еден пијан човек
молчешкум
ги засука ракавите
во кои
се криеја
две тупаници
за мојата разголеност.

Ноќеска
не ги видов другарките во меаната,
ги оставив да ги думаат
моите очи.

Ноќеска
се обесив на облаците,
си поигрував со небесата.

*Автор:*
*Дамјана Видическа*

# НЕ БАРАЈ МЕ

Не барај ме сѐ додека љубиш туѓи широчини.
Не барај ме сѐ додека се опиваш во мирисот на туѓо црешово дрво.

Не барај ме сѐ додека гледаш само една синевина
и во други очи сини.
Не барај ме во утринското кафе твое,
кое го пиеш горко,
божем ќе ја покриеш душата со талог.
Не посегај по туѓа дланка
и туѓа насмевка,
не сум таму и нема да бидам.
Барај ме во она место
коешто остана недопрено,
кое остана затскриено.
Можеби ќе ме најдеш
во далгите кај пливам со сирените,
и другите створенија во кои не веруваш,
само стисни ги силно ушите
да не ти запеам.
Барај ме онаму каде ме остави,
а ако не се сеќаваш,
сврати на распаќе помеѓу
моево срце
и твоите лажзборој.

***Од „Утроба од јаготки“***

*Автор:*
*Дамјана Видическа*

# ТАТКО

За прв пат по долго време ги допрев неговите раце. Всушност, не знам дали воопшто некогаш сум ги допрела. Барем не на овој начин. Испиените дланки и нивното бавно движење едвај ги почувствував. Тежината со која се соочува периодов, навистина е неподнослива. Болките се секојдневни, и сè поприсутни. Гледам во дланките и се обидувам нежно да ги истријам со жолтиот сапун. Секое движење му создава болка. Иако не ми зборува, тоа го гледам во неговиот лик. Замижува, ги стегнува вилиците онолку колку што му дава силата, а челото ги испакнува сите брчки што тегобно се исцртувале низ годините. Остарел. Го набљудувам неговиот блед лик, наместа исцртан со светлокафеави дамки, кои, ако добро се загледа човек, ќе забележи дека ги има многу. Челото му е испотено и ладно, а од дланките чувствувам млака топлина што ми предизвикува морници. Толку е слаб што, чинам, ако малку поцврсто го фатам, ќе се срони пред мене дел по дел, исто како песокта што ритмично паѓа во стаклениот часовник. Ги гледам моите раце. Личат ли барем малку на неговите? Слаба сум. Ме сепнува гласот на мајка ми:

- Ајде, дојди, какаото е готово. Одмори малку, умрена си од работа!

Останувам до него. Толку спокојно се чувствувам, што додека го набљудувам, мислам сиот замор некаде исчезнал. Умрена сум од работа. Да, но колку лошо би се чинело сето ова ако е реалност – умрена од работа. Може ли работата да ми го одземе животот така брзо, така молскавично? Кај нив никогаш не се чувствувам уморна. Таму сè е тивко и смирено.

Ја истурам водата од леѓенот, седнувам да се напијам какао, и гледам дека веќе е пладне. Почнуваат вести. Го забележувам неговиот лик. Тој сè уште е со затворени очи, но брчките ги нема. Нема стискање на забите. Има само мало придвижу-

вање на усните што личи на блага насмевка. Личи на спокој. На неизгаснат копнеж и надеж. На пламен што иако слабо трепери, тука е, присутен до нас, живите.

*Автор:*
*Марина Шикова - Димовска*

# СНЕГ

Таа доцнеше на нашата прва средба во кафулето Синема. Чекајќи ја, нервозно прелиствував страници од книга. Потоа се вртев наоколу, но и тоа ми здодеа. Еден љубовен пар влезе во кафулето. Беа убаво облечени. Одново го измешав кафето, но не отпив голтка. Само ми се допаѓаше звукот што лажицата му го прави на филџанот. Наоколу беше речиси тивко – се слушаше само музиката. Тоа беше албумот од Мајк Олдфилд.

Седев гледајќи кон влезната врата и поради големите прозорци наместо ѕидови, можев да ги забележам минувачите. Сите поминаа, освен Марија.

Само што го спуштив погледот кон книгата, кога таа брзоплето седна на столчето спроти мене.

– Знам дека доцнам. Извини – рече. Гласот ѝ беше убав.

Погледна кон книгата.

– Ете, си читал барем.

– Да – реков.

Марија нарача кафе. Ја зеде книгата во раце. Нежно, со прстите ја истражи корицата, па насловот, па ја отвори и ја помириса.

– И, каква е? – ме праша.

– Меланхолична – одговорив – некако меланхолична е.

– Што значи тоа? – краевите од нејзините усни се собраа. Изгледаше како да се шегува.

Позборувавме уште малку на таа тема. Потоа, како добар вовед во следната, Марија стави една коцка шеќер во нејзиното кафе.

– Не мислев дека коцките шеќер сè уште постојат – се насмевна. Вљубениот пар наспроти очигледно се забавуваше повеќе од нас. Некој од нив гласно го спомена зборот комедијант и стигна до нас. Марија рече дека брзо ќе им помине. Ја прашав зошто.

– Затоа што го употребија зборот комедијант. Луѓето не зборуваат така денес. Во кафулето Синема беше удобно, но Марија

посака да прошетаме надвор на снегот. Ѝ го задржав капутот додека го местеше шалот. Бев блиску до нејзината коса и посакав да ја допрам. Таа не ги насети моите намери.

Надвор паѓаше снег. Се плашев дека чевлите можат да ми пропуштат вода и во случај Марија да ме покани кај неа дома, би се посрамотил. Таа, пак, потскокнуваше во неизгазениот снег бидејќи ѝ се допаѓаше звукот, или тишината што ја носи снегот, сеедно. Чекоревме без престан и не знаевме во која насока се движиме. Не сакав да ѝ попречам на спонтаноста на нашата прва љубовна средба.

– Кажи ми некоја тајна – рече таа.

– Каква тајна? – прашав вчудовидено.

– Не знам. Тајна. Некоја обична тајна. Ја спуштив главата и ги броев чекорите, повремено обидувајќи се да ги синхронизирам со нејзините.

– Понекогаш сакам да спијам во дневната соба – изустив. Се поколебав, но продолжив. – Убаво ми е таму. Имам чувство како да не сум сам. Телевизорот е секогаш вклучен, се слушаат стрелките од часовникот, стои сладникавиот мирис на луѓето што поминале и јас спијам тука. Каучот е тесен, а стапалата ми висат надвор. Но сепак, спокоен сум. Марија слушаше внимателно. Не рече ништо, но ме фати за рака. За миг почувствував дека чевлите ми се натопиле.

Тогаш, таа направи нешто неочекувано. Легна на снегот и ги рашири рацете.

– Нели ангелчиња во снегот прават само децата? – реков изненаден.

– Во никој случај – рече таа низ смеа – ова не е детска игра.

Легнав и јас на снегот, до неа. Се држевме за раце и мавтавме горе-долу, горе-долу и помислив на сите оние нешта што би ѝ ги направил потоа и како би ѝ ја допирал косата и би ѝ ставил коцка шеќер на јазикот и додека мечтаев, снегот ги стопи нашите тела и сѐ што остана од нас беа двете фигури на снегот и нашата облека над нив.

*Автор:*
*Димитар Димоски*

# ПЕПЕЛ

Уште треперам, се грчам
Под сопствената пепел
Меѓу два усвитени камења.

(Неа
Мршојади ја демнат, ветрот
Ја разнесува.) Ох, Ти

Кротка смрт!

*Автор:*
*Славе Ѓорѓо Димоски*

# ОБИЧНА ПРИКАЗНА

Нашиот коњ (ах тој
добар и стар коњ)

Црниот наш коњ
Коњот железен

За јавач не те сака
Вели: НЕ!

(Собери си ги полињата
послани под него
и веќе оди си еднаш
кога ти вели НЕ.)

Зборува нашиот куќен
бог во долина темна
легнат. Гледај над вирон
како се смее блескав.

*Автор:*
*Славе Ѓорѓо Димоски*

# ТОРБА

Тешко
се искачувам
со моите
износени пиротски опинци
по песокливата патека
до дедовата
голема нива.
Не од годините
што ги имам.
Од торбата
што ја носам.
Во неа
собрав сѐ
што требаше
да премолчам.

*Автор:*
*Трифун Ѓорѓиески*

# ПИТАЧ

Реката на времето
на улица ме донесе,
срамежливо да застанам
со испружена рака
милост да барам.
Оние кои
до мене
треба да застанат,
по некоја пара оставаат.
Другите,
кои богато живеат
со нивните погледи
ме убиваат.
Животот ми е пекол.
Само за едно го молам Господа,
само тоа го сакам,
да биде сè по волјата Негова.

*Автор:*
*Трифун Ѓорѓиески*

# ЉУБОВ

Врз огледалото на водата се ројат белите линии на галебите.
Насетувам во твојот глас лирски мелос од брановите носен.
На брегот од езерото бисерите сјаат
оргулите го слават доаѓањето на ангелите,
додека ѕуни песната на вечната љубов месечината патот ни го осветлува.
Прати ми ја магијата на цвеќињата.
Со твоите бакнежи натопи ги усниве
опиј ме од љубов, во оваа јунска квечерина.
В срцето ми вивна силен жар ѕвездениот свод над нас сее љубов, воздишките
сплотени патуваат кон вечноста на овај идиличен пејзаж.

*Автор:*
*Елизабета Трајчевска - Ѓоршевска*

# ПРОЛЕТНО УТРО

Нека се испуштат безброј
страници, кои извираат
длабоко од душата.
Кои ќе потечат како река и ќе допрат во одаите на твоето срце.
Месечината се огледуваше во езерските води.
Утрото се радуваше на цветот кој нежно го милуваше пеперутка.
Ти испрати
Ти благодарам
Ти испрати
вклучи се.

*Автор:*
*Елизабета Трајчевска - Ѓоршевска*

# НА ПЛОЧА ОД СМЕА

Јас крилат се тешам во мугри од татнеж
Кој нечујно се лее во стихов што ползи
Ко воскреснат полжав од кукарка света
Ѕиркам од око на луда комета
Со опаш земјата ја камшикува цела
Ги кине соѕвездијата во нивните тела
Јас очаен шетам по врвната радост
Дожд во раце носам од идни бури
На потоп од Стихови кој Хаосот го палат
И сите ветрови во зеница што жарат
Ги збирам во утро кое го напушта денот
И секој спомен од минати побуди
Кои чувства палат со искра на мразот
И  калфата нивен на сводот кој свети
Ме напушта трајно бегајќи на пети
Исчезнувам во мигот на вечноста кратка
Со крвава насмевка на уста од стакла
Сите сомнежи ги распламти и закла
Од древната мудрост на плоча од смеа
Стиховите испишани од светлина беа
Низ вековите што минат облечени во неа

*Автор:*
*Блаже Петрески – Ендемион*

# ВОЈСКОВОДЕЦ

Наметни ќебе од штитови
Ко Ахила во Троја
Од гневот негов мечот нека ти го скројат
Војсководецу на светлините
Затвори ги океаните со катанец од пена
Врзи ги планините со јаже од виножито
Запали го небото од златен прав
По занес врел Прометеј брат мој е
Со факелов освојував спомени во ноќта
Во старата куќа од соништа болна
Сред радосна планина зеленило полна
Градиве ги полнам со тишина јасна
Во зелена вечер пркосно страсна

*Автор:*
*Блаже Петрески – Ендемион*

# НОВИ СВЕТОВИ

Шума разлистена
папрати недогледни,
зелено спокојство
што ми открива
нови светови,
брегови од надежи
возвишени,
како сонца ме греат,
бескрајни соништа
како далги
се нижат.

*Автор:*
*Зора Златева*

# НАДЕЖНО ТАНГО

Зрак трепетлив
ме огреа,
дренот цути
на полјана,
жолти цутови
златни лири,
во ѓердани нанижани,
во колани извезени,
тенка става украсена
танго надежно,
возвишено.

*Автор:*
*Зора Златева*

# СПАС

Посакав да си купам спас.
сронив ситнеж во испружена дланка.
(брчките засечени  на неа
полесно ги издржав со погледот
отколку оние  на лицето.)
Но, колку чини
мирната совест?
Зашто планините не се помрднаа
ни на хоризонтот,
ниту од моево срце,
квечерината мирно се влеа
во накиснатата вечер,
а вселената остана нема.

*Автор:*
*Марина Икономова - Шокева*

# МОЛИТВА ДО НЕБОТО

Биди нежно, Небо,
биди нежно со нас
особено кога ние тоа не сме
заради нашата слабост, заради нашата слепост
заради момент на детски занес,
или момент на наивна љубов,
кои во момент на мигновен восхит
ни избегале  како птици од кафез.

Кога крвариме и од срцето и вените
кога ни капе и душата и очите
гласот на твојата осуда, Небо мое
всушност се раѓа во нашите глави
а бодежот од казната од светот
сами го вртиме спроти нас.
Бремето го калемиме со вина
и  стуткани под таа тежина
уште помали
под твојата светла дланка виреeме.

Па биди ти, Небо милозливо кон нас
помилувај нè со својата љубов
не давај да се дотепаме самите,
зашто ни ти, ни светот,
ни иронијата на случајот несреќен
не сака да не казни толку
колку ние самите себе.

*Автор:*
*Марина Икономова - Шокева*

# МЕЛАНХОЛИЈА

Денес нѝ капавицата
од стреата не ја слушам,
сѐ е тивко после дождот.
Тревките спијат,
а ти си некаде на друга планета.

Ги спремам уздите од крилестиот коњ
и самарот го носам натоварен со тага,
го бодрам коњот да ме однесе кај тебе
за да живеам на истата вселенска оска,
да дишам во ветената земја.

Денес не го слушам нѝ ветрот
да ми шепне по некој збор
додека слегува по долината од свеста
да дојде и да ми каже
дека ме чекаш на врвот од твоите желби,
на таа ѕвезда со најголем сјај,
да ме земеш со тебе,
во вечноста.

*Автор:*
*Даниела Илијоска*

# ОГНОВИ ВО НЕБОТО

Весели ангели
летаат во воздухот,
над нив жариште од змејов здив
под нив огнови од вулканска прав
меѓу нив оро од пламени
во нив јаглен од спомени.

Весели ангели
играат по просторот,
за мене носат печат од кристали
за нив чуваат кревка душа.
Пука грмотевица во превртена утроба
дишење се вовлекува во рајско небо.

Весели ангели
мене ме носат,
играм прегрната со нив.

*Автор:*
*Даниела Илијоска*

# ЕВРОПА

И предолго возовите
кон Европа се влечат
А јас си останав некаде помеѓу *Илица*
и булевар *Македонски Просветители*
Ситен, суетен
скршен ко старо цреd шово стебло:

Сега раните си ги лечам со ацетон
В сон зборувам англиски
На јаве ги разбирам сите словенски јазици
Професорот по географија ме убедува
оти и сонцето е ѕвезда
а моето сонце од север изгрева
на југ заоѓа
Во мојата азбука Б е првата буква
Работната недела ми почнува во вторник
викендот во среда

Ако Брисел е далеку
важи ли истото за Бон
или да речеме за бања Банско
И се насира ли суштината
во она што сакам да го речам
а го велам постојано

*Автор:*
*Зоран Јакимовски*

# МЕ ПРЕСРЕТНУВАШ НА ПЛОШТАДОТ

Радосно ме пресретнуваш на плоштадот
Ми се фрлаш в прегратка
и ме бакнуваш три пати -
според македонските традиции

Прашуваш дали долго те чекам
Дали сум добар
Дали е сѐ како што треба и дали
моето перо се уште трча по хартијата?...

Потврдувам и ти се нурнувам во очите
А таму се мешаат галаксии
Пропаѓаат старите светови
и се појавуваат нови

Едно врапче празнејќи си ги цревата во лет
ме потсетува дека Исак Њутн
живееше неколку векови пред мене
и ме враќа во времево во кое твитер е најважното нешто

Те водам некаде а ни самиот не знам каде
Во секој случај далеку од секоја автобуска
или железничка станица
Подалеку од тебе - од мене уште подалеку

Те омеѓувам со слатки зборови
и долги шепотења
Те вовлекувам во својата кожа
Од тебе создавам јас – од себеси ти

*Автор:*
*Зоран Јакимовски*

# ДЕТСКАТА НАСМЕВКА

За детската насмевка
ко ѕвезда силно да сјае,
за детската насмевка долго да трае,
секој нека знае!

Децата заслужуваат
детство без војни, без зло,
децата заслужуваат
топол дом и безгрижен сон.

Децата заслужуваат
среќно детство, другарство и слога,
за сите да има здрава храна,
чист воздух и чиста вода.

Кога насмевка од детското лице се точи
кога насмевка ги краси детските очи,
светот може да е многу убав
кога децата растат во мир и со љубов.

Детската насмевка
е најличен цвет,
го разубавува и ко сонце милно
го грее целиот свет.

*Автор:*
*Светлана Каланоска - Котевска*

# ПРАЗНО И ПУСТО

„Туѓината пуста да остане!“
Сите така велат,
додека низ годините изминати
згасна животот во многу наши села.

Ни останаа селата
празни и пусти,
кај што растеа цвеќиња лични
сега растат грмушки диви и треви густи.

Одамна со жито не се накитени чардаците
крај чешмите стојат празни бардаците,
нема кој од дрвјата да ги собере плодовите
со трње обраснати се дворовите.

Пусто е и полето
нема кој да работи во бавчите,
тивко е низ ливадите
не се слуша песната на косачите.

Нема ни кој да сее
ни кој да жнее,
откако заминаа старите
останаа празни амбарите.

Крај родното огниште
сѐ поретко некој да сврати,
катинари тешки ги красат
селските врати.

*Автор:*
*Светлана Каланоска - Котевска*

# ВО НОЌИ КО ОВАА

Ти кој во ноќи ко оваа можеш сѐ ко да не можеш,
тргнат некаде без компас и календар
зашто касно е за назад, ами рано за напред,
ти кој во ноќи ко оваа се обидуваш
да си складен во нескладното
дури целиваш лице со непознати години
за да заборавиш, не ради заборав, ами ради утеха,
ти кој во ноќи ко оваа си сѐ што не си
за туѓи пофалби, а свои прекори,
веќе не ја љубиш онаа со која не умееш,
а без која и не можеш,
ти кој во ноќи ко оваа жалиш и жариш,
заборавaш дека од иста душа се и среќата и тагата,
та не се радувај ако мислите ѝ почнуваат со името твое,
оти кратка е љубовта, а вечен заборавот,
ти кој во ноќи ко оваа ја гледаш без да ја видиш,
си заборавил дека сѐ случајно – одамна е зацртано.

*Автор:*
*Емилија Карафилоска*

# МИРИС НА БЕБЕ

Мирисаш на бебе кое само што видело небо
при сиот копнеж и помнеж на јаловоста,
со душа тесна ко отворот на адот,
ама не е тесна душата, туку тесно ѝ е во тебе,
мирисаш на бебе, невино, соблазно, за миг безгрешно,
ама веќе си ја навлекол проклетијата на предците,
та те враќа таму каде што не ти е добро,
мирисаш на бебе кое гувее за љубов
надвор од сите намрштени ѕвезди и одбрани неба,
та ја бараш необичната во море обични жени,
мирисаш на бебе скротено на боски од леунка
и помислуваш на нешто за да не помислиш на некого,
та те гонат стари спомени, ама не те бараат,
мирисаш на бебе заспано среде јасник и осојница
дури денот умира, а ноќта се раѓа на туѓ часовник,
дури некаде некој ти ја измислува среќата,
а ти, повтор мирисаш на бебе кое учи обла азбука на двајца
– твоја и на таа што сѐ уште не ја познаваш.

*Автор:*
*Емилија Карафилоска*

# НА ТОДОР ИЛИЈОСКИ - ТОШКА

Ете...
Тоа беше -Тој
добриот човек Тодор,
волшебниот -Тоде!
Неколку букви расврлани, како
камчиња шарени по
мирниот брег езерски,
само за миг-вешто, во
ѓердан за восхит
умееше да ги претвори.
Енигматски куси творби
шаховски проблеми
неброено детски песни
„критики“ и „теореми“.
...
Еве, кусо слово и
палиндром спеав,
во негова чест
и слава,
да се памети да потсетува,
на ликот негов
Таа мудра глава:
- ТОДОР РЕЧЕ В ОРО ВЕЧЕР РОДОТ -

*Автор:*
*Митко Колјушески*

## ПРОСАТ

Горе-Крст
Долу-патоказ
Горе-Светлина
Долу-темнина
Просјак
Пред портата
Пред Икона-верник
Проси милостина
Пред Икона-верник
Пред портата
Просјак
Долу-темнина
Горе-Светлина
Долу-патоказ
Горе-Крст

*Автор:*
*Митко Колјушески*

# САРДИНИ

Здраво Либе,

Ти пишувам, да не се грижиш. Прво да ти кажам дека телефонот е расипан, а мобилни не смееме да користиме, затоа не ти се јавив.

Полицаецот беше во право кога ми рече дека ќе видам каде е полошо, во притвор или овде. Не сакам да те лажам, овде е полошо, барем во местово каде што се наоѓам. Без гајле, брзо се снајдов. Очигледно им се видов стар и истоштен, па уште првата ноќ ми дадоа кревет. Не можам да ти опишам каква привилегија е тоа овде. Страшно е... луѓето спијат на земја, еден врз друг, во мочки, по ходници... Почувствував грижа на совест што го прифатив креветот.

Сè уште сум во „приемно". Чекам да ме распределат. Верувај ми, една недела не е ништо. Некои луѓе чекаат со месеци. Мислам дека за мене ќе се среди за побрзо. Ако треба да чекам подолго од месец, не знам дали ќе издржам. Премногу луѓе сме. Не само тоа, нè има секакви, од деца што краделе дрва до повеќекратни убијци. Сите сме во ист кош додека не нè преместат.

Нема да веруваш колку луѓе лежат за дрога и колку само има наркомани. За среќа настрана сум од нив. Настрана сум и од Албанците. Во нашата соба има само Македонци. „Зомбиња" (така ги викаме наркоманите) и Албанци не примаме. Околу 30 луѓе сме во собата. Знам дека звучи како да сме многу, но добро е. Во другите соби се повеќе. Некои спијат и по ходниците, најмногу Цигани и Ѓупци. Кутрите, никој не ги сака. Би им помогнал, но не можам, правилата не ги смислив јас.

Уште многу дојдоа по мене. Можеби 150 луѓе сме само во три соби. Настегани сме како во конзерва. За да одам во тоалет прескокнувам преку други што спијат на земја. На вечер се создава влага од дишењето, а дење не можеш да се разминеш и да ги истегнеш нозете прописно од гужвата. Личната хигиена е

невозможна од што сме многу. Ги дишам туѓите здивови. Не само што сме настегани како сардини, туку и смрдиме како нив.

Што да ти кажам друго? Одвратно е „приемново“, но јас сум добар. Се снајдов. Не знаат кој сум и зошто сум осуден, па никој не ме чепка. Дури и ми помагаат затоа што сум постар. Ќе издржам колку што треба додека ме преместат. Помислата на тебе ми дава спокој. Закажав посета за наредниов викенд. Ќе ти кажам повеќе кога ќе се видиме.

Те сакам,
Твојот Шаци.

*Автор:*
*Јордан Коцевски*

## БИДИ МИ ВЕЧЕН ЛИХНИДЕ

Среќа си барав мајчице
по бели светски друмови
сонце си грее, нема топлина
и нема блесок месечината

Секој си чува приказна
секој за нешто сонува
А јас ги кревам рацете
во крила да се престорат

Биди ми вечен Лихниде

Ништо на светот не може
од родот да те раздели
облак си врне, нема дождови
кришум ја барам татковината

Ме влече ридот волшебен
ме боли сино езеро
В небо ги кревам рацете
во крила да се престорат

Биди ми вечен Лихниде

*Автор:*
*Мирослав Кузман*

# ГНЕЗДО

Тешко е да го создадеш
ама замка за душата
да си најде спокој
и единствена смисла
Сламка по сламка
троа земја со плунка
и бескрај верба

Магијата е на трпезата кружна,
кога се е токму
од бога благословена

А во четири наутро
пред да заврши карантинот
ја слушам песната на славејот

Сега ми е дилемата
дали да си прилегнам
или силно да го прегрнам денот
како што ми прилега

*Автор:*
*Мирослав Кузман*

# ЗАБОРАВОТ АД

Заборавот е минато закопано во земјата
Минатото патува во иднината
Таму чекаат археолозите
Тажна утеха за душата
Кој ќе ја открие тајната
Никој
Освен записот на секого
Во книгата на вселената
А кој ќе го наслика записот
На оние кои не знаат
Да пишуваат ни на ветар
Кој ќе ги одгатне душите
На птиците и животните
Кој ќе ја извади на видело
Душата на кртот
Згмечената желка
На стоногалката
На згазената мравка
Заборавот е адот
Кој ништо не памети

Вапо, XX век н.е.

*Автор:*
*Паско Кузман*

# НА ТРАПИСТ

По полноќ во Ајга на планетата Вилина
Од Трапист  ја гледам мојата улица
Куќите од комшиите ама со кружни прозорци
Зуи тишината и влегува во мене
Големата бездна што не разделува
Таа несфатлива далечина
Ги гледам куќите низ прозирните ѕидови
Суштествата во вид на нас со три раце
Со три нозе и по едно око
Некои спијат еден до друг
Некои се голи еден над друг
Чудни гумени суштества
Гледам од мојот балкон
На Вилина
На Трапист
159 000 години подалеку од мојот балкон
Ако се движам побрзо од светлината
Во најдобар случај ќе стигнам таму
За десеттина илјади години
Јас Бесмртникот
Всушност
Веќе сум таму

*Автор:*
*Паско Кузман*

# ИДЕНТИТЕТ

Во бескрајна поворка од гласови
хармонизирани акорди ме истоштуваат
во жетвата на метафори
зборот е закован во падините на соништата.

Во европската темна мастилница
писка гласот на МАКЕДОНЕЦОТ
пеејќи ја соло својата литургија
осветлувајќи ја безднатa на конјуктурното.

Новиот завет го прободува брошот
зборот молскавично како стрела се движи
кон реверот на свеченото палто
за да биде Орфеј помеѓу виножитото и огнот.

Во полињата на сомнежот
разбеснети баханалии ја белеат ноќта
со сирени на вознемирувачка загатка
кон угарот на моето битисување.

Зборот е оган кој го разголува стравот
намовнат го проголтувам моето раѓање
го барам сонцето да ме удостои
со најсветлите зраци на мојот идентитет.

*Автор:*
*Митре Мангоски Радожд̄ански*

# НОЌ БЕЗ ДЕН

Вечерва немо те набљудувам
Вечерва тивко од мене се открадунваш
Вечерва сите стихови ми бегаат
Вечерва пловиш низ Дримот како Јагула
Вечерва бегаш, без збогум од мене

*Автор:*
*Митре Мангоски Радождански*

# УТРО

Утро 2054та гори
Се тресе земјината шир
Водата тече и тажно збори
Нема живот во нашиот вир

Градината расцветана дава зрак
Испушта фосилна реа
Сака да избегне вечен мрак
И светлинска сакана дреа

Стаклата не пукаат така лесно
Ја гледаат градината во чад
Живиот организам се стега во тесно
Се живее ли од и во смрад

Се топи озонската дупка горе
Темна топлина влегува во градината наша
Се полни ли нашето море
Со она што не е веќе ваше

И метанот од Батагаика ли е срека
Важно ли е како сонцето заоѓа
И дали птицата високо лета
Што ли човекот уште ќе наоѓа?
... светлина или божествената убавина
... мракот или погибија...!?

*Автор:*
*Љупчо Милковски*

# ДЕН

Да го зграбиме денот цел
Господари негови да бидеме ние
Костенот да не биде врел
Гласната свест и разумот да не гние

Голем е нашиот ден светол
Живот и Рај да блика
Да ја затвориме портата што отвора пекол
Да ја правиме разумната разлика

Денот да е спокој за ноќта црна
Сигурен чекор да се одвива
Дождецот за секој еднакво да врне
Убавините на денот во среќа да ги обвива

*Автор:*
*Љупчо Милковски*

# МУАБЕТ

Еден ден,
запловив
во морето
на муабетот.

Брановите
од тајни,
го разбранија
срцето мое.

Вистинскиот збор
треба да допре
до моето срце.

Зборот
го нема.
Сѐ божниот
не може
да ми помогне.
Се пазари со мојата
судбина.
Но пазарот
е без добивка.

Мора да се откажам
од муабетот
и надежта.

*Автор:*
*Марија Младеновска*

# АКО

Ако грешам,
душата на олтарот
ја ставам!

Ако грешам,
со молитва
прошка барам!

Ако со молитва
се исчистам,
дали виното
од Христос
ќе го пијам?

Ако безброј
гревови кажам,
ако искрено
се кајам,
ако со молитва
се исчистам,
дали реброто
од Христос
ќе го каснам?

Господи,
ти си голем татко
на Христос
помогни ми!

*Автор:*
*Марија Младеновска*

# ДОМОВИ

По голите песокливи ридови
сѐ едни исти домови,
главниот столб
се чини поголем од целата куќа,
без прозорци, само процепи –
низ нив како низ дурбин
се гледаат само „нишките“ на времето.
Велат, изградени биле
во времето на џиновите;
затоа ништо не може да ги урне:
горски ветришта,
порои надојдени
од планинските стрмни страни,
страшни војни што низ овие предели беснееле.
Татнеж им ги отвора вратите,
молња им ги потпалува огништата,
изладениот допир на лавата
им ја дели внатрешноста
на катови и тавани.
Во нив... верници, неверници, лековерни, суеверни...
Под милоста Божја
повторно сите спијат збрани
в едно топло ќоше.

*Автор:*
*Маја Мојсова*

# ЌЕ МЕ ЗАСАКАШ ЗА СЕДУМДЕСЕТ И ПЕТ ГОДИНИ

Познавав човек, чија што душа отскокна дваесетина метри кон небото, штом ја направи последната издишка. Не сакаше да го држам за рака, како за утеха. Ме увeруваше дека со радост заминува, иако многу добро го прочитав стравот во неговите очи. Пред да се збогуваме, се обидував да бидам што помалку присутна во мигот, а нему да му бидам катализатор од овој, до оној свет. Допирајќи го за рамото, го замолив заедно да ја пееме неговата омилена песна. Немал омилена песна, ми шепна. Не поверував во тоа. Секој има омилена песна. Или неколку... Сакав да го разубедам доколку се двоуми меѓу неколкуте омилени, заеднички да одбереме само една. Но, за миг се сепнав и не му зборував повеќе. Сакаше да ја задржи неговата духовитост до последениот миг. И во право бев. Изненадувачки гласно и строго изусти:

-Последниот пат кога слушав музика од задоволство, убавиот миг ми го уништија бесчувствителни луѓе, со нивните крици и извици, мислејќи дека се таленти за пеење. Омилената песна оттогаш ми стана одбивна. Сега дали ти е јасно, дека немам омилена песна.

-Добро, тогаш, потсети ме на најубавиот ден во твојот живот.

-Па, ако мислеше дека ќе го спомнам денот кога те запознав тебе, не ласкај си премногу. Ти си ми само чиста љубов, но не и сопатничка која ја одбрав. И немој со таа твоја неодолива кроткост да ме „убиваш“, за да се чувствувам виновен.

-Ние никогаш не се засакавме, само се љубевме тивко. Тоа е нашиот грев...

Останав да седам немо до него. До мене повеќе не допираа неговите зборови, што полека почнаа да се претвораат во неразбирливо бладање. Имав друга поважна работа, да ја скротам таа негова душа, што јасно ја гледав како танцува нагоре. Можам да ја видам, еј, можам да ја допрам, опиплива е... Можам да ја...

вратам, да ја потиснам повторно во неговиот здив. Сетив неверојатна сила. Успеав да ја допрам душата, да ја повлечам кон себе, како дете што носи конец од летечки змеј... Но, тој е толку тврдоглав. Одбива да се врати назад. Заминувамееее... Второ небо, трето, па безвоздушен простор...

Обајцата сме таму каде што сме припаѓале отсекогаш. Телата ни се напати дијаманти и мразулци, напати прав и оган. Нè набљудувате на секои седумдесет и пет години, за да ве потсетиме дека доволен е и миг, а не само вечност, како да се љубите меѓусебно.

*ВТОР:*
*МАЈА МОЈСОВА*

# ЈАЗИКОТ НИ БЕШЕ

Јазикот ни беше сабја  и штит и кубур и кама.
и до ден денес ни остана така.
Ни беше и ни е;
песна за радост и молитва на мака
и до ден денес ни остана така.
Тој ни беше и ни е и мелем за рани и билка за болка,
и рајска птица и горска самовила.
Ни беше и ни остана феникс што од пепелта своја пак се раѓа,
со кого Македонија  уште не паѓа.
Јазикот ни беше?
А уште колку, ќе ни е, чувар на корените наши?
Само јазикот ни беше и уште ни е,
целокупна татковина, не разделена Македонија.
Јазикот ни би беше и ни е,
врата и прозорец на душата, ги заѕидуваме ли
со туѓи зборови?
Се одмакедончуваме ли?
Не е вредно колку сме гласни на радост
или како плачеме на македонски, туку како го чуваме
и дали со возвишена љубов и гордост
го предаваме на тие по нас?
Колку што си го чуваме јазикот,
Песната и азбуката,
Толку си ја заслужуваме
И ќе си ја имаме Македонија.

*Автор:*
*Крсте Наумоски - Мечкар*

# РЕДНО Е…

Во Македонија ми е темелот,
во Австралија домот.
Во Австралија ми е креветот,
во Македонија сонот.
Сега расчеречен меѓу двете,
Тажна, болна приказна се плете.
Ни таму не можам, срце да смирам,
а, староста стаса, не можам да бирам.
За Македонија и плачам и пеам,
а, за Австралија денес знаме ќе веам.
Татковината ја сакам и не ја заборавам,
26 Јануари  на Австралија е денот
Редно е да ја почестам, да славам.
Happy Australia day!

*Автор:*
*Крсте Наумоски - Мечкар*

# СЕТО МОЕ БОГАТСТВО

Во оваа штурина од Светов
во овие неколку изминати дена
веќе немам соништа не мечтаам
ништо не посакувам
освен повторно да можам
да се сетам на убавините што
неповторливо останаа  како печат во срцево,
како неизлечива рана во душава, Песните!
Каде се убавите гласови на куќните,
уличните, спортските, школските, творечките другари?!
Каде се групните игранки, журките, тивкото и хармонично
пеење додека чекориме кон езерото и извиците:
Браво, браво! Колку убаво ја пеете
„Сношти минав покрај вази“!
Браво, дечиња наши!
Веќе немам никакви желби, сето мое богатство е заминато!
Каде си Ристо Јованоски, од Шварцвалд над Виена
повторно да ја испееме плачејќи твојата „Родните гори“
негде во светот имаат пролетен сјај?
Каде си Трајане, Тало Мартиноски?, каде се твоите „дечиња
во туѓина што градеа куќарки од песок, а некој постојано им ги
уриваше“?
Крсте Чачански, каде е твоето „Зрно“ што го откопа од
последниот слој на фреската покриена со малтер во утробата на
црквата?!
Дали и ти Радоване Павловски, принцу на метафората
почиваш во гробот меѓу двата рида како онаа мома што со
векови пред да се родиш  почиваше чекајќи те тебе?!
Дали сè уште Ана, те прашува Јован Котески:
на кого мислиш додека ги чешлаш долгите коси?

Каде си Петре М. Піреју на веков, повтор да си ги читаме песните?
Во хотелот „Парк“ додека ја освестуваат
онаа Холанѓанка падната на подот од удар со чело.
И ти Тоде Илиевски – Тошка, во која орбита си?!
„Ограда нѐ двои/ нека/ но и по триста века/
не ќе можам искрено/ збогум да ти речам“!
О,каде сте драги мајстори на сликарството?!
Сѐ уште ли сликаш со многу вода и малку,
трепетни бои, Теофиле Шулајкоски!
На кое „Обло во облото“ танцуваат
твоите виртуозни прсти, сликару на веков - Вангел Наумовски?!
Ох! Каде сега ги сликаш новите слики – икони,
нов голем сликару, другар Драгче – Драган Спасески Охридски?!
Ами љубовите, чувствата, фудбалите,
планинарењата, непреспаните ноќи
и сиот остаток од мојот отспан живот?!
Уште неколку школски другари со кои
се видуваме едвај еднаш годишно,
два-тројца другари за на кафе,
неколку колеги и колешки
и моите усни хармоники на кои
по моето заминување ќе музицираат
моите внуци – СЕТО МОЕ БОГАТСТВО!

*Автор:*
*Смиле Наумоски – Брсјак*

# КОГА ЧИНАРОТ БЕШЕ МАЛ

Во близина на центарот на градот, во дворот на училиштето, растеше еден педесетгодишен чинар. За чинарите тоа е младост, бидејќи тие живеат и преку две илјади години. А тоа е неверојатно долго. Ако секој ден се јаде по еден сладолед, за тоа време може да се изедат цели 730 илјади!

Секоја година чинарот се украсуваше со влакнести топчиња полни со семки. Тој мечтаеше дека некогаш некоја семка ќе порасне до него. И еден ден забележа мал никулец кај корењата. Никулецот писна:

– Тато!

– Конечно! – зашумоли чинарот. – Повеќе не сум сам!

За кратко на дрвцето му се појавија првите ливчиња. А со нив почна да расте и љубопитството.

– Тато, зошто децата трчаат, а ние не?

– Затоа што луѓето немаат корења, и ги носи ветрот.

– И јас сакам така! Сакам да го видам езерото! Толку многу ми имаш раскажувано за него.

– Сине, таквото размислување е непристојно за дрвјата. Најстариот чинар во градот, а велат дека го посадил самиот Свети Климент, не би одобрил таква лекомисленост.

Кај чинарот често доаѓаа разни луѓе. Еден ден го прегрна жена во строг костим.

– Тато, која е таа?

– Директорката на училиштето. Како дете беше најдобра во одделението. И поради тоа не ја сакаа. Таа често доаѓаше кај мене и ми читаше. Затоа знам кој е Итар Пејо и во што се претворило грдото пајче.

Друг пат крај чинарот застана татко со синот и му рече:

– Ова е чинар. Тој е корисен. Не прави му непријатности.

Таткото чинар се насмевна:

– А овој чичко беше доста безобразен. Тој изрежа буква на корава. А следниот ден падна од велосипедот и го раскрвави коленото. Му фрлив лист за да ја покрие раната. И тој ме замоли да му простам.

А еднаш наесен таткото чинар самиот стана хулиган. Тој дочека порив на ветрот и истресе семки-топчиња на автомобилот кој стоеше под него. Тие се растурија и автомобилот како да се покри со крзно.

– Тато, зошто го стори тоа?

– Знаеш, сопственикот на автомобилот беше примерно дете. Но не ги сакаше растенијата. И дури искорна една грмушка во која му се заплетка шалот. А сега тој порасна и воопшто не се поправи. Дознав од птиците дека ги натерал луѓето да исечат десетина стари мудри дрва.

Поминаа две години. Чинарчето порасна. И еднаш му пријдоа работници. Таткото чинар слушна дека дрвцето пречи и се исплаши дека ќе го искорнат.

Вечерта тој дочека директорката да помине покрај него, пушти гранка и ја погали. Директорката го прегрна и му рече: „Те разбрав, не грижи се“.

Следниот ден околу малиот чинар се собраа работниците и толпа ученици. Го откопаа чинарот и го однесоа крај езерото за да го посадат таму.

Настана ноќ. Таткото чинар повторно беше сам, но сега знаеше дека син му е на безбедно и дека се оствари неговиот сон. Чинарот заспиваше, нишајќи ги птичјите гнезда и јатото мали ѕвезди на гранките. А некаде крај езерото гледаше во далечината неговиот среќен син.

*Автор:*
*Елена Обухова*

# ГЛАВАТА НА БИКОТ

Главата на  бикот сета е очи и ништо друго нема
Зашто  ништо не му треба на бикот освен очи во полет
Крвта на бикот сета е мастилаво вино и лечебно
Зашто ништо не му треба човеку освен малку му сништа
Утробата бикова сета е жар и пепел престорена
Зашто ништо не му треба грешнику освен прегорена страст

Та од кој крај да почнеме бику да стасаме пред искона
Оти не ќе се ора ете тук така нивава глинена
кај што бедра саноќи јуди самовили жедно си жулат

*Автор:*
*Димитар Пандев*

# ОЧИТЕ НА ПАЈАКОТ

Очите на пајакот не се исто што и очи на светец
Иако никогаш никаде не сум видел очи на пајак
Рацете на пајакот не се исто што и раце на пророк
Иако никогаш никаде не сум видел раце на пророк
Јас и не знам има ли пајакот очи и раце и што сè
Иако никогаш никаде не сум видел блуден син ни в сон
Јас и не знам светат ли в мрак рацете на пророкот и што сè
Иако понекогаш понекаде слушам виденија в сон
И никако да ги различам и пајакот и пророкот и...

***(од стихозбирката „Глагољубни песновиденија“)***

*Автор:*
*Димитар Пандев*

# „Два Божика“

Дона му предложи да изнајмат рент-а-кар и денот да го поминат во Албанија.

— Албанија е на само триесетина километри од Охрид. Ќе го посетиме Св. Наум, знаеш оној вториот кој со Св. Климент ја ширеле писменоста тука во Охрид и на овие простори. Тоа е манастир, но тука извира и Дрим.

— Сон? — иако претпоставуваше дека е збор со некое друго значење на македонски, многу се израдува кога препозна англиски збор и му се допадна дека сонот може од некаде да извира.

Дона му ја сфати финтата, но сепак најсериозно му објасни за водите на Охридското Езеро и притоа го посоветува да изгугла малку ако не ѝ верува.

— Значи, одиме до Св. Наум и потоа на ручек во Албанија.

Зимскиот пејзаж го одушеви. Тој го возеше опелот што го изнајмија, но застануваа на секоја чистинка, се сликаа, а Дона уживаше во улогата на туристички водич.

Дојдоа и до наколното живеалиште. На паркингот имаше многу коли и многу народ. Дел од него беше облечен во нуркачи одела. Излегоа од автомобилот. Дона праша еден очигледно нуркач што се случува. Тој ја погледна малку зачудено и ја праша од каде доаѓа, бидејќи цела држава знае дека под водата во остатоците од наколното живеалиште имаат поставено новогодишна елка и сега ќе нурнат долу и ќе наздрават за почетокот на Новата година. Дона му преведе на Хари од збор до збор, со тоа што имаше малку дилеми околу зборот наколно, но се снајде.

Хари по којзнае кој пат за неполни два дена се изненадува и се одушевува од оваа земја и нејзините луѓе. Изрази желба и тој да се нурне во водата. Дона го гледаше со неверица.

— Луд ли си?! Знаеш ли колку е ладна водата?! Каков нуркач си?

Хари овој пат знаеше нешто малку повеќе од Дона. Да, водата е ладна, но тој ќе е во нуркачко одело и секако дека е одличен нуркач.

Охридските нуркачи со задоволство го примија во екипата, меѓу другото знаеја дека тоа ќе им ја зголеми и популарноста и гледаноста по медиумите.

Искуството од под вода, наздравувањето со шампањ што воопшто не беше глума, остатоците од првите живеалишта на езерово беше непроценливо за Хари. Што се однесува до него, денот можеше да заврши. Поубаво од ова не може не во еден ден туку во една година да му се случи. Колку се лажеше!

Она што го виде на Св. Наум беше земската убавина на светот. Изнајмија кајче што ги одведе до изворите на реката Дрим. Водата зелена, дрвјата околу неа побелени од утринската слана, и иако зима во проѕирната вода се гледаа јата риби. Кафето го испија во ресторанот од каде имаше поглед кон езерото. Сосема поинаков од оној од куќата на Дона.

— Тоа е Охрид. Затоа го сакам — му вели Дона.

***Извадок од романот „Два Божика“***

*Автор:*
*Лилјана Пандева*

# АКО НЕКОГАШ

Ако некогаш, помислиш  на мене,
во еден посебен миг на зајдисонце.
Ако некогаш се запрашаш:
Каков е сјајот во моиве очи,
кога тебе те нема покрај мене?
Ако некогаш се запрашаш:
На кого мислам јас оваа ноќ?
Ако некогаш се запрашаш:
Кого гледаат моите очи
со  светол ѕвезден сјај?
Ако некогаш се запрашаш:
За кого чука ова срце сиве овие години?
Одговорот тука ќе го најдеш
во нашиот дом,
каде заедно гнездо свивме,
нашиот дом го создадовме
од Бога, благослов примивме
со чеда и внуци во рајско гнездо го претворивме.

*Автор:*
*Љубица Петреска - Чифлигароска*

# МОЈ ГОСПОДЕ

Бог е мојата прва љубов
Која никогаш нема да згасне.
Тој ми го даде срцето, душата и телото.
Ми ги даде очите светот да го видам,
ми го даде гласот песна да му пеам.
Бог е мојата љубов сите што го сакаат,
и на кого сите му се молат и поклонуваат.
Со љубов го следиме патот Божји
како би ја дознале вистина света.

Бог стана тело по втор пат!
Да го подели словото свое
со неговите свети зборови
да ја просвети душата на човекот.
Секој кој во вистината Божја верува
по патот на вистината ќе го води,
кон Божјото свето царство,
во вечниот светол рај да му угоди.

Радувај се, роде мој христијански,
испрати молитва до Бога,
три чекори на прочистување,
низ нашиот живот Бог ни дари.
Со неговата љубов,
народот свој го води,
од пеколот да го спаси,
во рајот светол сите да ги скраси.

*Автор:*
*Љубица Петреска - Чифлигароска*

# ОСТАВИ СЀ ЌЕ ПОМИНЕ

Остави сѐ нека помине,
лошото нек нѐ одмине,
а доброто самото ќе дојде.
Сѐ што било поминало оти со мене си,
а сонцето ќе изгрее и по облаци.
Немој ништо да те грижи,
на лице твојте насмевки намести ги
зашто, верувај ми,
доаѓаат денови преубави.

Ја читаш оваа песна
што од мене трепети,
пеејќи нежно и тивко
како виолина прва
на филхармонијата наречена живот.

Го слушам тој тивок вресок
како срце да се кине
со плач на таа виолина,
а од душа излегува таа рима.
Се будат и радоста и среќата...
Убавина во душата!
Стави рамка на ѕидот животен,
да биде украс вековен.

*Автор:*
*Славчо Размоски*

# МОРЕ ОД БИСЕРИ

Една ѕвезда мала
повторно се стуткала,
на дланка нежна, немирна,
душата ми ја огреа,
таа насмевка на денот нов
му дава.

Сонце златножолто,
зраците повторно ги испружило.
Светлоста ја распослало
по патеката животна пред
моите чекори напред.
Оти сѐ што на срцето
далеку му беше, денес е ко песна,
за мерак испеана.

Да се смееш... повторно умееш!
Со животот нови страници пишуваш,
со здив топол радосен,соништата ги грееш.
А душата?
Душата во море од бисери дише.
Тогаш рацете ти рашири ги,
бранот во прегратки ти го смири,
како во море...
Од бисери!

*Автор:*
*Славчо Размоски*

# НА ПАТ СО ВРЕМЕТО

Како пантомимичар
што ја гасне желбата за чекање
и со последна надеж
го лови сјајот на ѕвездите,
како просјак кој патува
оставајќи го своето огниште
секаде каде што оставил дел од себе,
ти ја раскажувам ноќта
кога животот како печалбар
се враќа дома, изморен од средбите
во кои се криjат јабанџии и
жеден за капка светлина што е негова.

Се кршат стаклата
помеѓу видливото и невидливото.

Ти погледнуваш кон небото и земјата...
ја гледаш бесмртноста што одминува.
Вкотви го мигот во водата,
под Мостот на желбите,
Неговото постоење нека ти биде
засолниште од јужните ветрови,
оти тишината ја памти вибрацијата
со која животот ја создава новата зора

Јас само зборот го имам.

*Автор:*
*Лидија Размовска -Тримоска*

# ПОСТОЕЊЕ

Ја стегаме душата,
го скратуваме уживањето,
го одложуваме постоењето
на мигот во сегашноста
зашто мислиме дека ќе трае подолго.

Кога земаме здив,
ја чуваме ли така среќата во себе?
Таа е птица... постојано одлетува
и се сели во животот
чиј клуч е посебноста.
Стоиме ли во место
кога мислиме
дека сме го избрале
најкраткиот пат до
нејзината бесконечност...

*Автор:*
*Лидија Размовска -Тримоска*

# ТРОШКИ ОД ЧОКОЛАДО

Молекули од глицерол
го водат светиот танц

На усните се разлева
растопена симфонија
започнува љубовното спојување
последната можност за гозба

Нивните писма се хемија
и мирисот кој се впил
во заблудените чувства
Силно е сонцето во зенитот

Бојата на чевлите ги отсликува
натколениците во изобилие
Се навлажнува патот до Окаванго
и црвените брегови на часовникот

Ова не е љубовна приказна
туку приказна за љубовта
и промоцијата која се одвива
на боиштето на сонувачите

Залезот е уште една победа
за оние кои го преживеале

*Автор:*
*Мирко Томовски*

# ОТСПРОТИВА

Утринското кафе
го вкусувам жешко
зад везот од спуштената завеса
додека врие

Жешко

И таа отспротива
пие нешто што наликува на кафе
зад спуштена завеса
на која танцува нејзината силуета

Жешко

Спротивата станува мост
невидлив, недопирлив
кој секое утро го посакуваме
додека врие

Онака жешко

*Автор:*
*Мирко Томовски*

# АМАНЕТ ОД ДЕДО

Тргнете се од патот злобници,
кај што застанавте насекаде црни траги оставивте.
Одете си, еднаш засекогаш оставете ме, деновите да ги уживам, како што посакувам.
Сонце да ме грее
срцето во радост да ми биде.
Мудри зборови кажуваше дедо му:
Многу млади чеда загинаа за нашата мила земја Македонија
многу деца сирачиња останаа, одете каде ќе одите земјата своја измачена никогаш да не ја заборавате, засекогаш наша Македонија.
Мостови градете со соседите но од своето не бегајте ни кога ви е најтешко.
И едно запаметете: секој си е стопан на своето....
Чекорам денес, ќе чекорам и утре по планини, убавини, ридови во мојата мила Македонија.
Аманетот од мојот дедо ќе го сочувам придавки не користам.

*Автор:*
*Ленче Ристеска*

# КУЌА ТАТКОВА

Четири браќа во едно гнездо пораснавме,
од твоите мајчини раце
лебот го јадевме,
со твоите шарени стомни лицето го миевме
водата студена ја пиевме.

„Само со чиста вода лицето не може да ви биде чисто“
ни шепотеа мајчините усни.
Три браќа на три страни заминавме, свои гнезда си оформивме.
На желбата голема, мерак не ѝ скршив. Во родниот крај дојдов
тебе мајко да те видам, малку среќен да бидам како некогаш.

Кога дома стигнав никоја рода не најдов....
Зарем толку лесно те прелага проклетата пара,
таткова куќа да продадеш абер да не ни сториш.

*Автор:*
*Ленче Ристеска*

# ТИ ЛИ БЕШЕ ТОЈ

Ти ли беше светлото во ноќта?
Ти ли беше?
Ти беше границата на универзумот
што посакав на крајот на самата ивица да стојам.
Знам, ти беше сонот што тивко дојде.
Не те запомнив,
замина пред да те меморирам
во мојот соновник
па остана недовршен.
Крајот сама ќе го смислам.
Ми пробуди насмевка на усните,
Па си мислев дали од преголем умор
Започнав да халуцинирам.
Ти си моја имагинација,
те создава и ако не постоиш,
јас те измислувам
во мојот свет постоиш

*Автор:*
*Кристина Т. Рудеска*

# СОНОТ НА ТАТЕ

Одекнаа планините
Од пискотот што излезе од душата.
Душата се раздели од телото.
Од болка се свиткала,
мислиш со главата заринила в црна земја.
Црна земја црница, од црнила се пеплосала.
Мислиш човек цел живот црнила носи во душата.
За се нешто жали-тажи и оплакува.
Ноќеска тате на сон ми дојде и гласот му го слушнав -рече-
„Сите сме дојдени на земјава
да го отплатиме својот долг.
Секој својот долг мора да го отплати“.
Каква ли вистина тука се крие
од зборовите негови срцево ми бие.
Долгови навистина човек отплатува,
животот во долгови ни поминува.
Долговите не се парите ниту земјата,
долгот е самотијата-страдањата
за работи непоправени-неостварени.
Одекнаа планините од пискотот
И душата се раздели од телото.
Гласот твој во сон ме прати
„Секој својот долг мора да го плати“.

*Автор:*
*Кристина Т. Рудеска*

# КЕЛИ

Се викаше Кели. Ја запознав едно лето, нешто по полноќ. Моите двајца другари со кои бев седнат во кафуле си заминаа дома. Решив онака да останам уште малку во автомобилот, слушав некоја dance музика во која бев и внесен и потпивнував од лименката пиво. Ги гледав луѓето во движење околу мене, големата месечина како висеше над езерото и сѐ околу мене. Одненадеж слушнав некој женски глас како ми кажува здраво на англиски. Се завртив кон гласот. Слушнав глас, но прво ги забележав белите кристални заби на личноста, како белутраци. Од тоа сфатив дека имам лик пред себе. Полека пристапи до отворениот прозорец на автомобилот и лесно се потпре на него. Беше црна како ноќ. Здраво, повторно рече со широка насмевка, како некој кој знае дека неговата насмевка ги отвора сите порти. Отпоздравив на англиски.

- „Дали ти пречи што така ненадејно се појавив пред тебе", ме праша, весело.

- „Не, воопшто не ми пречи, а зошто баш мене ме избра, покрај толку луѓе и автомобили околу?", возвратив, иако знаев дека ова прашање требаше да го поставам покасно, не на почетокот.

- Само од твојот автомомобил излегуваше таква енергија од музиката што ме крена и ме доведе до тебе, рече .

Ѝ реков дека ми е мило. Сѐ уште седев на совозачкото седиште, додека таа по малку ритмички подигруваше на музиката и зборуваше. Потоа повторно ме праша дали ми пречи што разговараме и што е поразлична од другите.

- Не не, брзо одговорив, да ми пречеше немаше да разговарам со тебе, - а тоа што си поразлична од другите баш ми се допаѓа. И тоа беше вистина, помислив.

- Да се запознаеме - ми пристапи така весело налактена на прозорецот.

- Моето име е Кели  рече, и кога ја подадов раката кон неа,  таа ја зеде мојата,  малку се наведна и ја баци. Тој бакнеж траеше или така ми се стори околу десетина секунди и за тоа време продорно ме гледаше со некоја сензуалност и заводливост. Почувствував струење низ телото. Бев разоружан. Погледот ми беше насочен кон нашите две раце, нејзината црна и мојата бела рака. Бев збунет и со неброени чувства во мене срамежливо ја гледав. Додека постепено ги повлекувавме  рацете  еден од друг таа сѐ уште ме гледаше во очи.  За тоа време јас во недоумица се прашував: „Зошто тој пристап, зошто тој пристап“?

- Изненаден сум, конечно успеав да проговорам, обидувајќи се да не се почувствува возбудата во мојот глас. - Вакво бакнување на рака  не е својствено за овие простори, реков и ѝ кажав дека обично машкото ѝ ја бакнува раката на жената. Се поднасмевна и ми рече дека не мора секогаш да е така. - Од таму од кадешто доаѓам многу одамна била традиција женското да ја бакнува раката на машкото.  Тоа го наследила од баба ѝ, кажа.

- „Мене ова ми личи на некој ритуал“, одговорив.

Потоа ме праша дали би сакал надвор да испушиме по една цигара на што јас реков дека не чекам никого и иако не сум пушач,  со задоволство  ќе ја дружам надвор.

- Убаво е овде,  рече, убаво е да се шета по стариот дел, по уличките, покрај  езерото.

- Како за крајот  на август има повеќе луѓе од вообичаено, додадов, гледајќи ја раздвиженоста и полека одејќи кон пристаништето.

Имаше  впечатливи тиркизни очи што не те оставаат рамнодушен, си мислев. „Пловам, ми мина низ главата, пловам во немирно тиркизно езеро“...  Ја погледнав, беше околу метро и седумдесет см., малку полничка во телото и имаше некоја ненападна шминка, а на усните кафеав руж. На себе носеше светло кафени ленени бермуди  и маица која слободно паѓаше. Косата ѝ беше тешка, кадрава, со природни локни и скоро до половината. Бевме приближно на исти години. За разлика од први-

от момент кога помислив дека сé ќе се сведе на очите, сега бев пријатно изненаден. Во мислите ја нареков- кафена девојка.

- Извини, реков, кога видов клупа во близина на пристаништето - Сакаш да приседнеме? Се согласи. Седнавме малку подалеку од вревата. Посегна по цигара и ја запали.

Кога зборуваше беше свртена кон мене. Седеше со нозе прекрстени. Беше необична, несекојдневна, привлечна кафена девојка. Ми се виде како да е обвиена со вел на мистерија. Тогаш ја прашав од каде е. Почна да ми кажува дека е од Аљаска, дека татко ѝ е од Шведска а мајка ѝ е афроамериканка. Поради работата татко ѝ е постојано на пат, во движење. На лицето имаше помалку остри но убави скандинавски црти придобиени од татко ѝ. Ми кажа дека студирала лимнологија и геологија, дека тоа го сака и многу ја исполнува и возбудува. Кажа дека дека била на Галичица и дека е воодушевена од неа и ми рече дека ние не сме свесни што убавини имаме од планината и езерото и дека исто така го сака нуркањето, како и астрологијата и психологијата и дека многу чита. Рече дека работи во институтот во Аљаска и дека со мајка ѝ и една другарка пропатувале низ Европа, биле во Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора. Во Охрид се четири дена и тука многу ѝ се допаднало и дека дошле по препорака. После два дена требаше да заминат.

*Автор:*
*Лидија Стефановска*

# КОГА ТРГНАВ ЗА ТУЃИНА

Кога тргнав за туѓина.
тамо некаде не знаев каде.
Во секој случај си понесов,
неколку книги, што ги сакав.

И тамо сакав, писмото македонско,
да го читам и пишувам Григоре.
За да не исчезне во заборав,
и тамо кирилична буква да се лее.

Го понесов „Сердарот“ Григоре,
кога ќе ги читам пискотот и лелекањата
од Кузмановата мајка Неда,
да ги спомнам и нашите мајки.

Можеби во некое идно време,
и тие  ќе ги оплакуваат
отуѓените синови и ќерки,
за нивната изгубена младост.

*Автор:*
*Наум Трајчески*

# СВЕТИТЕ БРАЌА СОЛУНСКИ

Со запалена свеќа влегов
во црквата Св. Кирил и Методиј.
Полека стигнав пред Иконостасот,
до Светите Браќа Солунски.
Стоев со наклон до земја,
додека гореше свеќата.
Тивко и понизно им прозборев,
дојдов да Ви се заблагодарам.
За патот што ни го трасиравте,
Глаголицата вие ја создадовте
Климент и Наум Охридски
народот го просветивте,
Кирилични  слова испишаа
ваше писмо, свето продолжија.
Во Библијата православна,
со Кирилични букви испишано.
Само за миг со очите,
настрана што трепнав.
Мноштво од луѓе,
зад мене се збрало.
И ние и тие а и тие,
што ќе дојдат после нив.
Да Ви се поклонат за аманетот,
ваш и наш што им го оставаме.
Да се чита и пишува, писмо,
Кирилично писмо Македонско.

*Автор:*
*Наум Трајчески*

# ОХРИЃАНКА

За прв пат те видов во белата мугра
те видов како кајче на бран што се роди,
со пијана радост од детска плач
те блискаше ветерот на езерските води.

Прв пат те слушнав каде ткаеш песна,
песна за градот кој древноста ја плете
закитен со златен лавров венец
покрај изворите Билјанини светли.

Те гледав весела како росен цвет
се смееш и чекориш по песокта бела
пискаш од радост како галеб в лет
што ветерот те милува по снагата врела.

Прв пат те видов над сините води
неуморно триеш над белите платна
и в срце ги стрелаш рибарите млади
со ветрето тивко и росата златна.

Те видов најлична девојко на светов,
те видов под ѕвездите на езерската шир,
низ зраците од месечевата лач
те грееше сонцето на езерската мир.

*Автор:*
*Иван Трпоски*

# ИСЕЛЕНИЧКО РАСПЕТИЕ

***(Посветена на татковината Македонија)***

Возот трчаше распенавен како НАТО-вски бик
Бегаше со пленот кон западните капиталистички земји
Јас трчав низ вагоните барајќи ја својата душа
Душата која ми побегна при роднинските збогувања
Газев низ солзите и крвта кои се гарант за нашата гнев
Сите патници беа бездушни и немо гледаа во таванот
Ја проколнуваа судбината што им ги откорна стеблата
И онака засушени им ги спакува во куферите
Грабливите возови бродови и авиони беа мошне алчни
Бездушниот народ го превезуваа без издишка и сон
Го превезуваа со излитени крштеници и дедовски тапии
Кучињата жално завиваа барајќи ги сопствениците
И ѕвездите угаснаа над препекот од земјиниот плач
А јас и по половина век се уште трчам низ возилата
За да си ја најдам душата
Зашто јас не можам без неа
А пак таа не може без татковина

*Автор:*
*Иван Трпоски*

# ЉУБОВТА НЕМА ПРАВИЛА

Како што езерските бранови се лелеат на тивкото ветре, така и нејзината црна коса и паѓаше на рамената како да беше дете на езерото, езерска сирена проколната со убавина! Очите сафирно сини, чиниш сето езеро од нејзините очи извира, па само тие двајца на свет ја имаат таа боја. Кој ли кого обоил, таа езерото или тоа неа? Нивна тајна остана... само нивна. Трендафилка бабина, така само баба и ја викаше со милосен глас, каков што има само баба за својата внука. Роза и е името, но скоро никој не ја знаеше по тоа име во градот во кој израсна, градот на брегот на тоа прастаро езеро. Ја познаваа како убавата новинарка со сафирно сини очи и долгата лелеава црна коса. А Роза на моменти гордо, но секогаш, ама баш секогаш, достоинствено и со лесен чекор се движеше по градските улици и калдрми. Млади, стари, машки, женски, сите го упатуваа својот поглед кон нејзината надворешна и душевна убавина. Но имаше и нешто посебно во неа, сјајните очи сами го кажуваа тоа. Роза веќе ја имаше својата љубов, Милан, на лице со правилни црти, очи од кои светеше златен сјај, густа коса со боја на кафе, ја даваа сликата на чесен млад човек.

Откако Роза заврши новинарство, секогаш со неа беше нејзиниот стар фотоапарат. Стоеше на полицата во работната соба на нејзиниот татко, осамен со прашината на него. А таа го зеде и го стави како бисер со безвременска, трајна вредност и бисерна убавина, а убавината... на убавина се става. Работеше како слободна новинарка, а вестите со нејзин потпис и фотографии кои напати личеа на уметнички слики, ги имаше по сите медиуми. Средбата со Милан беше малку чудна. Кога сонцето ги ставаше на Небесната широчина своите најубави бои и мракот полека се спушташе, до неа се приближи тој, Милан, кој тивко побара од неа да направи фотографија од тој момент, како што рече од езерската убавина, но и од нејзината убавина заедно. Роза се сврте, го стави својот поглед на неговиот лик и му покло-

ни блага насмевка. Го фотографираше во мигот кога сонцето заминуваше и сè околу него позлатуваше. Така започнаа нивните секојдневни средби, чекорејќи еден покрај друг. Се воодушевуваа на природата околу нив, гледаа како езерото ги менува боите при секој зрак, гледаа како ветрот нежно знае да го гали, а таа успеваше да го овековечи секој миг. Нејзините фотографии беа продолжение на нејзините чувства, мисли но и на нејзината личност. Од ден на ден Роза и Милан стануваа се поблиски, сè додека еден ден, дланките сами не се допреа, а прстите им се сплетоа  и гореа во пламен. Пламен на живот за љубов ли беше тоа или миг на среќа. Таа се чувствуваше сигурна и силна во неговите раце. Ја сакаше неговата нежност, слатките зборови кои и ја милуваа душата, а и го растреперуваа срцето. Често знаеше само главата да ја стави на неговите гради и да го дише воздухот што тој го испушташе. Тоа ја опиваше и можеше така со часови да остане во неговата прегратка. Но постоеја и други денови кога неговиот поглед со пламен ги жареше нејзините сафирни очи. Пламен што гори и црн јаглен остава. Во тие моменти и телото во гламна и се претвораше. Ја болеше тоа, не знаеше зошто, а мислите и зборуваа: „Зарем не можеш да ја согледаш вистината. Не гледаш дека се наоѓаш во некој меѓупростор  во животот на Милан“.

*Автор:*
*Наде Ќосеска*

# ТРЕПЕТ НА НЕБОТО

Во мене остана Сонце химната вечна.
Судбина, земја, пород, невреме
Простор и светлина се нишаат.
На свет пристигна непознатото
во мојата земја влеби духот плодност
со молитва светец патишта од живи кладенци отвори
Забодувам гром во ѕидот на плачот
патека во пламен гори
од оган прочка барај.
Гневна молња породува молња
љубов огнена в душа ми р’ти
надоив сонце со млеко и живот.
Вселенски бразди низ бездна глад издржаа
зрното на надежта раствори надеж
откопај, разгрни молњо цвеќе за крст
Вода пламена, здравица есенска
на небо златен дожд воздивнува
сеам свето зрно со лик на Бога
Небото бел олтар на Вечната свадба
носи слава на мојот народ
моја земјо пеам со круна
Спијат  полудени билки
колне облакот, трепери небото
помина ѕвон друмје, гром претрчува полиња.

*Автор:*
*Бела Узелова*

# СОНОТ НА ЛУЊИТЕ

Јајцето и зората го скинаа синџирот на ропството
Родилката на струите изусти збор
Вдомени луњи спиеја во сонот на детето – цвет.
На крст и билка дозна небесна сила
Во обрач од оган раѓа пепелта желба
Брстат сонцата, вода однесе семе
Низ ритамот на мојата душа, лирата долини питоми
И секој звук скината амајлија од мене
Во утробата на небесата, се расточи љубовта.
Во молитва до лудило искушеник паѓа
Закопал ветерот цвет, плаче зората
Гризе песната се капат в спокој зрачите.
Цути гревот оган допира невестинска тага
Фреските, звуците од  душите се одгласија
Жила судбинска, земјата-ковчег се отклопува.
Синијата крвава од распетиего
Свеќата во длабок молк
Неспокој тропа на сводот небесен
На брегот игра ветерот, копнежот ме облетува
Пламнува болештина, луња љуби есенски искри
Воденицата на животот меле месечева светлост.

Парчосува болката во јазолот на патиштата
Црвени линии крај гробишта минаа
Змијата корените си ги бара

*Автор:*
*Бела Узелова*

# НОЌИТЕ ШТО ПУКААТ СО ШЕПОТ

Под крошните на тополите
го гледам мојот вресок
додека твојот жубори како поточе вода
навлажнувајќи ги моите усни кои
ги допираат твоите безживотни гради.

Немите зборови ја разлеваат
мојата осаменост како песок во пустина
под тежината на бурните сеќавања
потиснати од сивилото на дождот
во оазата преполна шепотења.

Од моите вресоци пукаат ноќите,
се откинуваат ѕвездите, како лист треперат
врз зимата на твоето срце
да им дадат ритам на твоите гради
повторно да дишеме заедно,
помеѓу топлината и студот,
меѓу тишината, како смрзната нота.

Без тебе душата ми е празнина
во која венеат ружите бели и жолти,
без тебе моето име е само ЉУБОВ
врежано во кристалот на вечноста,
издлабено во дворовите на некогашната
среќа, под крошните на тополите.

*Автор:*
*Ана Цветаноска*

# ОД ЗАД РИДОВИТЕ

Таму преку височите
од зад ридовите,
доаѓаа невремето и ведрината
како дрва со месести лисја,
додека крцкаше ветрецот
со мирис на проживеани години
со вкус на исчезнати спомени
без никаква трага да остават.

Таму преку височите
од зад ридовите,
се издигна сува светлина
како оган од суви прачки,
зборот ми го поткинуваат
а очите ми се замаглуваат.

Таму преку височите
од зад ридовите,
дали ќе видам светот
одново да почне?

*Автор:*
*Ана Цветаноска*

# ПИЈАНА ПЕСНА

Ќе пијам и пеам.
Ќе те испијам и испеам.
Пијан ќе те пеам.
Певливо ќе пијам.
Испеан те пијам,
испијан те пеам.
Препијан и распеан,
во пијана песна,
ќе бидам најпијаниот
и распеаниот.
Тебе да те пијам,
тебе да те пеам.
За тебе ќе пеам.
Без тебе ќе пијам.
Пијано ќе пеам,
уште пораспеано
ќе пијам.
Потоа малку ќе отпијам
за да те отпеам,
а не знам дали некогаш
ќе допијам, ако те допеам.
Ама никогаш нема да одбијам
да испијам за да те испеам.

*Автор:*
*Јован Цветкоски*

# ТИВОК И БЛЕД

Темниот воздух полека ме обзема
го пие здивот, го плакне одзивот.

Се црни таму мигот на белото платно,
од сива доба во сувото блато.

Се родив како што умрев,
завиткан цел во чаршафот бел,
-осамен меѓу луѓето;
-тивок и блед;
-црно-бел.

*Автор:*
*Јован Цветкоски*

# СОДРЖИНА


Вовед

Заборав или спомен - ***Виолета Ачкоска*** 5

Чардак - ***Виолета Ачкоска*** 6

Месечина - ***Дамјана Видическа*** 7

Не барај ме - ***Дамјана Видическа*** 8

Татко - ***Марина Шикова -Димовска*** 9

Снег - ***Димитар Димоски*** 11

Пепел - ***Славе Ѓорѓо Димоски*** 13

Обична приказна - ***Славе Ѓорѓо Димоски*** 14

Торба - ***Трифун Ѓорѓиески*** 15

Питач - ***Трифун Ѓорѓиески*** 16

Љубов - ***Елизабета Трајческа - Ѓоршевска*** 17

Пролетно утро - ***Елизабета Трајческа - Ѓоршевска*** 18

На плоча од смеа - ***Блаже Петрески - Ендемион*** 19

Војсководец - ***Блаже Петрески - Ендемион*** 20

Нови светови - ***Зора Златева*** 21

Надежно танго - ***Зора Златева*** 22

Спас - ***Марина Икономова - Шокева*** 23

Молитва до небото - ***Марина Икономова- Шокева*** 24

Меланхолија - ***Даниела Илијоска*** 25

Огнови во небото - ***Даниела Илијоска*** 26

Европа - ***Зоран Јакимовски*** 27

Ме пресретнуваш на плоштадот - ***Зоран Јакимовски*** 28

Детската насмевка - ***Светлана Каланоска - Котевска*** 29

Празно и пусто - ***Светлана Каланоска - Котевска*** 30

Во ноќи ко оваа - ***Емилија Карафилоска*** 31

Мирис на бебе - ***Емилија Карафилоска*** 32

На Тодор Илијоски -Тошка - ***Митко Колјушески*** 33

Просат - ***Митко Колјушески*** 34

Сардини - ***Јордан Коцевски*** 35

Биди ми вечен Лихниде - ***Мирослав Кузман*** 37
Гнездо - ***Мирослав Кузман*** 38
Заборавот ад - ***Паско Кузман*** 39
На Трапист - ***Паско Кузман*** 40
Идентитет - ***Митре Мангоски Радождански*** 41
Ноќ без ден - ***Митре Мангоски Радождански*** 42
Утро - ***Љупчо Милкоски*** 43
Ден - ***Љупчо Милкоски*** 44
Муабет - ***Марија Младеновска*** 45
Ако - ***Марија Младеновска*** 46
Домови - ***Маја Мојсова*** 47
Ќе ме засакаш за седумдесет и пет години - ***Маја Мојсова*** 48
Јазикот ни бешен - ***Крсте Наумоски - Мечкар*** 50
Редно е… - ***Крсте Наумоски - Мечкар*** 51
Сето мое богатство - ***Смиле Наумоски - Брсјак*** 52
Кога чинарот беше мал - ***Елена Обухова*** 54
Главата на бикот - ***Димитар Пандев*** 56
Очите на пајакот - ***Димитар Пандев*** 57
Извадок од романот „Два Божика“ - ***Лилјана Пандева*** 58
Ако некогаш - ***Љубица Петреска - Чифлигароска*** 60
Мој господе - ***Љубица Петреска - Чифлигароска*** 61
Остави сè ќе помине - ***Славчо Размоски*** 62
Море од бисери - ***Славчо Размоски*** 63
На пат со времето - ***Лидија Размовска - Тримоска*** 64
Постоење - ***Лидија Размовска - Тримоска*** 65
Трошки од чоколадо - ***Мирко Томовски*** 66
Отспротива - ***Мирко Томовски*** 67
Аманет од дедо - ***Ленче Ристеска*** 68
Куќа таткова - ***Ленче Ристеска*** 69
Ти ли беше тој - ***Кристина Т. Рудеска*** 70
Сонот на тате - ***Кристина Т. Рудеска*** 71
Кели - ***Лидија Стефановска*** 72

Кога тргнав за туѓина - ***Наум Трајчески*** 75
Светите браќа солунски - ***Наум Трајчески*** 76
Охриѓанка - ***Иван Трпоски*** 77
Иселеничко распетие - ***Иван Трпоски*** 78
Љубовта нема правила - ***Наде Ќосеска*** 79
Трепет на небото - ***Бела Узелова*** 81
Сонот на луњите - ***Бела Узелова*** 82
Ноќите што пукаат со шепот - ***Ана Цветаноска*** 83
Од зад ридовите - ***Ана Цветаноска*** 84
Пијана песна - ***Јован Цветкоски*** 85
Тивок и блед - ***Јован Цветкоски*** 86

CIP - Каталогизација во публикација Национална и
универзитетска
библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1(082.2)
821.163.3-32(082.2)

АЛМАНАХ : поетско – прозни творби од
роднокрајни автори. - Охрид : НУ Библиотека
„Григор Прличев“, 2024 (Струга : Ирис Принт). - [90]
стр. ; 21 см

ISBN 978-608-4836-72-8

COBISS.MK-ID 63925253